# Политика за заштита на деца

ЗГ „Центар за климатски промени“ – Гевгелија (ЦКП)

# Содржина

Општо ... 3
1 Вовед ... 4
1.1 Основни принципи и вредности на ЦКП за заштита на децата ... 4
1.2 Дефиниции ... 5
1.3 Форми на злоупотреба врз деца ... 6
2 Потребата за донесување на политика за заштита на децата ... 7
3 Примена на политиката за заштита на деца ... 7
3.1 Свесност ... 8
4 Правилник за спроведување на политиката за заштита на деца ... 8
4.1 Вработени, членови, волонтери и даватели на услуга ... 8
4.2 Обука и едукација ... 9
4.3 Заштита на приватноста на детето ... 9
5 Кодекс на однесување ... 10
6 Постапка за пријавување на злоупотреба на деца ... 11
7 Комуникација и продуцирање на комуникациски материјали ... 13
8 Спроведување на политиката за заштита на деца ... 14
9 Писмена согласност за примена на политиката за заштита на деца ... 15
10 Прилог 1: Препознавање на знаци на злоупотреба (индикатори) ... 16
11 Прилог 2: Формулар за пријавување ... 17
12 Прилог 3 Изјава за користење на фотографии и други записи ... 20
13 Прилог 4. Листа со контакти со подрачните одделенија на центрите за социјална работа ... 21

## Општо

Појавата на насилство и злоупотреба на деца е глобален феномен. Тоа се случува во сите земји и во сите општества. Може да се појави како физичко, сексуално, емоционално злоставување и запоставување на деца и адолесценти. Децата и адолесцентите можат потенцијално да бидат изложени на експлоатација, злоупотреба, насилство и запоставување во семејства, заедници, институции, организации, на приватни и јавни места и во различни околности. Лицата кои вршат насилство врз деца можат да бидат од различно потекло и со различно ниво на блискост со детето, вклучително и професионалци кои се занимаваат со помош и поддршка на деца.

Секое дете е потенцијално изложено на ризик од злоупотреба и експлоатација. Некои деца заради нивната позиција и околностите во кои живеат, се изложени на поголем ризик од злоупотреба и експлоатација (овие фактори се социо-економски статус, пол, инвалидитет, етничка припадност, социјална класа, итн.). Затоа е многу важно секој кој е поврзан со спроваведувањето на активностите на ЦКП да ја разбере појавата на злоупотреба и неговата улога во одговорноста за заштитата на децата.

Со овој документ се уредува политиката за заштита на децата, според којашто треба доследно да се раководат, да ја почитуваат, да ја промовираат и да ја применуваат сите членови, волонтери, вработени и даватели на услуга од ЦКП.

За таа цел сакаме да изразиме голема благодарност на Мрежата на организации за деца на Србија (МОДС) за насоките за подготовка на политиката за заштита на деца и за споделување на нивната политика за заштита на деца.

# 1 Вовед

Центар за климатски промени (ЦКП) е основан во 2007 година и официјално регистриран во Јануари 2008, како невладина, нерелигиозна, неполитичка и непрофитна организација.

Мисијата на ЦКП е да ја штити животната средина и да имплементира активности за борба со климатските промени, со цел подобрување на животната средина. Главните цели на Центарот за климатски промени се:

- Поддршка на индустријата со цел подобрување на нивните енергетски перформанси и перформансите во животната средина;
- Подигнување на јавната свест за климатските промени и можностите кои произлегуваат од Механизмот за чист развој (МЧЈ);
- Предложување на мерки за подобрување и промена на законската рамка на полето на енергетиката, климатските промени и животната средина;
- Зајакнување на капацитетите на локалната и централната власт како и капацитетите на индустријата со цел развој на проекти за климатски промени и подобрување на перформансите во животната средина;
- Промовирање и поддршка на владеење со животната средина, енергија и управување со животната средина.

Визијата на Центарот за климатски промени е насочена кон намалување на јалеродниот диоксид и креирање на општество одговорно кон животната средина. Со цел да го постигнеме тоа, ЦКП ги насочува своите активности кон индустриска енергетска ефикасност, интегрирано спречување и контрола на загадувањето, управување со отпад, намалување и ублажување на климатските промени, управување со животна средина и енергетски менаџмент.

ЦКП е основан од луѓе кои имаат широко познавање за климатските промени, животната средина, управување и заштитата на животната средина, кои сакаат да ги споделат своите искуства со останатите и да обезбедат подршка за централните и локалните власти, особено во борбата со климатските промени и промовирање на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

## 1.1 Основни принципи и вредности на ЦКП за заштита на децата

Политиката за заштита на деца, се однесува на заштита на децата како што е дефинирано со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето треба да се гледа холистички, како сеопфатна рамка за заштита, грижа и учество на сите деца.
Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето обезбедува меѓународна рамка со која се утврдуваат правата на децата од заштита од злоупотреба и

запоставување (член 19), дискриминација (член 2) и разни форми на експлоатација (членови 32-36); посебно внимание се посвети на децата лишени од родителска грижа (член 20), децата бегалци (член 22), децата изложени на ризик од развој на зависност од дрога (член 33), деца лишени од слобода (членови 37 и 40), деца во ситуации на вооружен судир (членови 38, 40).

Сите деца кои учествуваат во активности, проекти и програми на ЦКП, имаат право да нивното здравје, безбедност и благосостојба е нивни приоритет; имаат право да го промовираат и заштитат развојот, за да можат да го постигнат својот целосен потенцијал; имаат право да бидат почитувани и разбрани во контекст на сопствената култура, религија и етничка припадност; имаат право да бидат сослушани и внимателно да се разгледуваат нивните мислења, и имаат право на охрабрување и помош при учество во одлуките во врска со нив, вклучително и решенија за заштита на децата.

**Учество на детето**

Учеството на децата треба да се заснова на девет принципи кои овозможуваат безбедно и инклузивно учество на децата:

1. Учеството е транспарентно и информативно;
2. Учеството е доброволно;
3. Учеството на децата подразбира почитување на достоинството на децата;
4. Учеството е релевантно;
5. Учеството е прилагодено на децата;
6. Учеството е инклузивно;
7. Учеството е поддржано со обука;
8. Учеството е безбедно и чувствително на ризик;
9. Учеството е одговорно.

**Примена и одговорност**

Политиката за заштита на децата е усвоена со цел да се применат највисоките стандарди на професионално однесување за да се заштити детето за време на учеството во разни активности, проекти и програми кои ги спроведува ЦКП. Политиката вклучува мерки во врска со постапките за вработување, за постапката за избор на членови на Собрание, создавање простор за слободно изразување на децата, обука на персоналот и развивање на транспарентни протоколи.

## 1.2 Дефиниции

**Дете**

Според Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (1989), дете е „секое човечко суштество под 18 години, освен ако државниот закон не го признае периодот на зрелост порано".

**<u>Дефиниција на насилство</u>**
Терминот „насилство“ значи „каква било форма на физичко или ментално насилство, повредување или злоупотребување, запоставување или несовесно однесување, малтретирање или експлоатација, вклучително и сексуална злоупотреба“, како што е наведено во член 19 став 1 од Конвенцијата за правата на детето.

**<u>Заштита на деца</u>**
Заштитата на децата се однесува на должноста на ЦКП да ги почитува стандардите за максимална заштита на децата со кои доаѓа во контакт. Ова значи дека членови, волонтери, вработени и даватели на услуга од ЦКП, спроведувањето на активностите, проектите и програмите ќе ги врши на начин што не им штети на децата и не ги изложува на ризик од повреда и злоупотреба. Доколку при спорведувањето на активностите, проектите и програмите членовите, волонтерите, вработените и даватели на услуга од ЦКП се посомневаат во каква било форма на насилство треба да пријават во соодветните органи (Центар за социјална работа или полиција).

## 1.3 Форми на злоупотреба врз деца

**<u>Физичка злоупотреба:</u>** Физичката злупотреба на детето е онаа што резултира во конкретна или потенцијална физичка повреда од интеракција или немање интеракција, којашто е во контрола на родителот или на лицето во позиција на одговорност, моќ или доверба. Може да има единечни или повторени инциденти (СЗО, 1999). Физичкото насилство опфаќа широк спектар на активности како што се удирање, тепање, шутирање, влечење на косата, гризење, гушење, задушување, нанесување изгореници, труење, давење, врзување со јаже или ланец, принудување на детето да остане во позиција што предизвикува болка или е понижувачка, заканување со нож или пиштол и др. Може да се манифестира како поединечен инцидент или повторувачка активност од хронична природа.

**<u>Телесно казнување на дете</u>** заради корегирање или контролирање на однесувањето е злоупотреба на детето. Во општиот коментар бр. 8 (став 11), Комитетот ја дефинира „телесна“ или „физичка“ казна како казна во која се користи физичка сила со намера да нанесе одредена, дури и најмала, болка или непријатност. Во повеќето случаи, ова се однесува на удирање деца ("плескање", "шамарење", "тепање на задникот"), со тупаница или некој предмет - камшик, стап, појас, чевли, дрвена лажица.

**<u>Емотивна злоупотреба:</u>** Емотивната злоупотреба вклучува необезбедување развојно соодветна и средина на поддршка, вклучувајќи и достапност на личност за примарно поврзување, за детето да може да развие стабилни и цела низа емотивни и социјални способности пропорционални со неговиот личен потенцијал, и во контекст на општеството во кое живее. Може да има и постапки кон детето што предизвикуваат или имаат висока веројатност да предизвикаат повреда на детското здравје или психичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ваквите постапки мора да бидат разумно во контрола на родителот или на лицето во положба на одговорност, доверба или моќ. Постапките вклучуваат ограничување на

движењето, шаблони на омаловажување, клеветење, „наметнување вина“, заканување, заплашување, дискриминирање, исмевање или други нефизички форми на непријателско или отфрлачко однесување. (СЗО, 1999)

**Сексуална злоупотреба**: Сексуална злоупотреба на деца е вклучување на детето во сексуална активност којашто тоа воопшто не ја разбира, за којашто не може да даде информирана согласност, или за којашто детето не е развојно подготвено и на која не може да се согласи, или којашто ги прекршува законите или социјалните табуа на општеството. Сексуалната злоупотреба на деца се докажува преку активност меѓу дете и возрасен или друго дете кое според возраст или развој е (СЗО, 1999) во положба на одговорност, доверба или моќ, при што активноста е наменета кон угодување или задоволување на потребите на другото лице. Ова може да вклучи, но не е ограничено на: наведување или принудување на детето да се вклучи во каква било незаконска сексуална активност; експлоатативна употреба на детето во проституција или други незаконски сексуални практики; експлоатативна употреба на деца во порнографски изведби и материјали. (СЗО, 1999)

**Запоставување:** Запоставувањето е недостаток на внимание или пропуштање од страна на старателот да обезбеди услови за развој на детето во сите сфери: здравје, образование, емотивен развој, исхрана, засолниште и безбедни услови за живот, во контекст на средствата кои му се разумно достапни на семејството или згрижувачите, и предизвикува, или има висока веројатност да предизвика штета врз детското здравје или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ова подразбира неуспех од соодветено надгледување и заштита на децата од повреда, според можностите. (СЗО, 1999)

# 2 Потребата за донесување на политика за заштита на децата

Политиката за заштита на децата е усвоена заради:

- Заштита на членови, волонтери, вработени и даватели на услуга од ЦКП;
- Заштита на децата кои се вклучени во активностите, проектите и програмите на ЦКП;
- Заштита на угледот на ЦКП.

# 3 Примена на политиката за заштита на деца

Примената на политика за заштита на деца се однесува на:

- Персонал ангажиран за спроведување на активности, проекти и програми од страна на ЦКП, вклучително членовите на собранието, волонтери и други лица кои на некој начин се вклучени во спроведувањето на активности;

- ❖ Надворешни консултанти/експерти кои се ангажирани од страна на ЦКП;
- ❖ Сите возрасни кои ги придржуваат децата на настани и активности организирани од ЦКП;
- ❖ Сите оние кои учествуваат во настани и состаноци организирани од страна на ЦКП на кои учествуваат деца, вклучително и новинари, спонзори, донатори итн.

Сите горенаведени лица се очекува да бидат запознаени со политиката за заштита на децата на ЦКП и истите ќе бидат обврзани да потпишат писмена согласност дека ќе се придржуваат кон политиката за заштита на децата.

## 3.1 Свесност

За ефикасно спроведување на политиката за заштита на децата, неопходно е сите кои ќе ја применуваат целосно да го разберат нејзиното значење. ЦКП ќе овозможи сите членови, волонтери, вработени и даватели на услуга кои ќе бидат вклучени во спроведување на активности, проекти и програми, да бидат информирани за политиката за заштита на деца и да постапуваат согласно истата.

Претседателот на ЦКП ќе биде одговорен за доставување на копија од Политиката за заштита на децата до сите горенаведени лица.

# 4 Правилник за спроведување на политиката за заштита на деца

Овој правилник е креиран со цел:

- Примена на највисоките стандарди на професионално однесување;
- Заштита на децата за време на нивното учество во разни активности, проекти и програми спроведувани од ЦКП.

## 4.1 Вработени, членови, волонтери и даватели на услуга

Сите вработени, членови, волонтери и даватели на услуга во ЦКП, должни се да ги извршат следниве постапки пред да добијат статус на вработен / назначен:

- ➢ Запознавање со политиката за заштита на децата и нејзино прифаќање со потпишување на писмена согласност за примена на истата при контакт со деца.

При ангажирање на вработени, членови, волонтери и даватели на услуга во ЦКП, потребно е:

- ➢ Во огласот за описот на работните обврски јасно да стои и обврската за примена на политиката за заштита на децата во рамки на извршувањето на работните обврски предвидени со договорот за работа;

- Интервјуата за вработување треба да вклучуваат дискусија за заштита и грижа на децата, за утврдување дали и колку кандидатот го разбира овој принцип, како и принципите и вредностите на ЦКП во врска со заштитата на децата;
- Договор за вработување, како и секој договор за ангажирање на лица потребно е да содржи одредба за заштита на децата. Таа одредба гласи:

*„Вработениот/Извршителот ќе ги спроведува сите работни обврски во согласност со политиката за заштита на децата притоа применувајќи ги одредбите од политиката за заштита на деца и нејзините придружни документи.“*

## 4.2 Обука и едукација

Обуката е обврзувачка за сите вработени, членови и волонтери од ЦКП. Обуката има за цел да ги запознае и подготви вработените, давателите на услуги и волонтерите да работат на начини кои се во согласност со Политиката за заштита на децата. Од клучно значење е сите лица да се целосно свесни за содржината и обврските кои ги имаат според политиката за заштита на деца.

Во рок од 3 недели сите ново вработени, членови и волонтери ќе поминат низ еднодневна обука за примена на политиката за заштита на деца и постапките за заштита на децата.

## 4.3 Заштита на приватноста на детето

Заштитата на приватноста на детето се однесува на приватните податоци на детето, како и на фотографиите, текстовите, аудио – визуелен запис и други материјали што се изработени за јавно прикажување.

Пред правењето фотографија или било каков аудио-визуелен записи секој вработен, член, волонтер и давател на услуга од ЦКП е должен:

- При подготовка на запис за јавно прикажување на кој се прикажува дете, потребно е да се побара согласност за креирање на записот од самите деца и од нивните родители/старател и притоа да им се објасни намената на записот;
- Децата на записите секогаш мора да бидат претставени на достоинствен начин. Истите мора да бидат соодветно облечени и да не бидат застанати во сексуално сугестивни пози;
- Записите не смеат да откриваат подетални информации за децата (како имиња, презимиња, дата на раѓање, локација на која живеат);
- Ако записите/ фотографиите ги прави независен фотограф, надвор од организацијата, персоналот е обврзан постојано да го придружува фотографот и да ја супервизира неговата работа. Истовремено, мора да се дадат јасни насоки за работење со медиумите, односно на надворешниот соработник да му се објасни и што е, а што не е прифатливо.

Доколку не се добие согласност за употреба на запис (Прилог 3), а истиот мора да биде проследен во јавност или препратен до одредена инстанца, лицата и личните податоци кои би можеле да го откријат идентитетот на децата, младите или пак лицата под ризик, мора да бидат скриени.

# 5 Кодекс на однесување

Кодексот на однесување го потпишува секој вработен, како и лицата кои што се привремено ангажирани (консултанти). Овој кодекс се потпишува пред потпишувањето на договорот за вработување или ангажирање. Со кодексот за однесување се регулира начинот на однесување со деца.

Подолу се дадени насоки до кои треба да се придржуваат горенаведените лица:

- Секое дете треба да биде третирано со почит и не смее да биде дискриминирано независно од неговата/нејзината возраст, пол, род, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна или материјална положба и присуство на пречки (интелектуални и физички);
- Никој не смее да удира или на било кој друг начин физички напаѓа дете;
- Не смее да се иницира физички контакт со деца кој што може да се протолкува како непримерен и истите не смеат да се вклучуваат во било каква форма на сексуална активност или дејствие, вклучително и наплаќање за сексуална услуга;
- Не смее да се развива однос (ни физички, ни психички) со децата, младите или лицата под ризик кој на било каков начин може да се смета за експлоататорски, навредлив, несоодветен или сексуално провокативен;
- Не смее да се делува на начин кој е навредлив за децата, младите или луѓето под ризик и истите не смеат да бидат изложени на ризик од злоупотреба;
- Не смее да се користи јазик ниту пак, да се даваат предлози или совети на деца кој е несоодветен, вознемирувачки, сексуално провокативен, навредлив или понижувачки;
- Никој не смее да презема дејствија кои се нелегални (во домашната легислатива), небезбедни или вознемирувачки за децата;
- Не смеат да се вработуваат или ангажираат деца, млади или луѓе под ризик, односно да се користи нивниот труд за одредени активности, доколку тоа не е во согласност со нивната возраст или развојна фаза, доколку работните ангажмани им го скратуваат времето за едуцирање или рекреација или пак доколку активностите ги изложуваат на ризик од повреди;

- Не смее да се делува на начин кој ќе ги посрами, понижи, деградира и омаловажи децата, младите или луѓето под ризик, или да се изврши било каква форма на емоционална злоупотреба на истите.

**Недозволиво е:**

- Да се поминува прекумерно време на само со децата, младите или лицата под ризик, подалеку од другите;
- Носење на деца, млади и лица под ризик во домот или место на престој и останување на само со нив.

Доколку се постапува спротивно на овој кодекс на однесување, истото ќе се смета за злоупотреба на децата, младите или луѓето под ризик и ќе се постапува по начинот утврден во понатамошниот текст.

# 6 Постапка за пријавување на злоупотреба на деца

Вработените, членовите, волонтерите и давателите на услуги од ЦКП треба да ги знаат показателите што укажуваат дека на детето му е потребна помош (види Прилог 1). Одлуката за пријавување за сомневање за злоупотреба на деца е одговорност на лицето кое забележува дека постои основа за пријавување.

**Одговорно лице:**

Пријавите за сомневање на злоупотреба ги прима лицето одговорно за заштита на деца.

**Национално Лице за заштита за деца** на национално ниво е Бојана Станојевска Пецуровска.
Информации за контакт:
Мобилен: 078/ 344-905
Е-пошта: b_stanojevska@yahoo.com

**Гевгелија**
Одгворно лице за заштита за деца е Бојана Станојевска Пецуровска.
Информации за контакт:
Мобилен: 078/ 344-905
-Е-пошта: b_stanojevska@yahoo.com

**Подружница Скопје**
Одгворно лице за заштита за деца е Филип Стојановски.
Информации за контакт:
Мобилен: 070/ 579-182

Е-пошта: fstojanovski@yahoo.com

**Подружница Охрид**
Одгворно лице за заштита за деца е Филип Стојановски.
Информации за контакт:
Мобилен: 070/ 579-182
Е-пошта: fstojanovski@yahoo.com

## 6.1 Постапка за пријавување

**Препознавање и пријавување на сомневање за злоупотреба на деца**

Постапката за пријавување односно поднесување на жалба за злоупотреба мора да биде направена применувајќи ги принципите на доверливост и итност. Вработените, членовите, волонтерите и давателите на услуги од ЦКП треба да биде запознаен за тоа како се води целата постапка.

Пријавувањето на злоупотребата може да биде направено на две нивоа:

1. **Интерно - доколку** се однесува на за постапките на вработените, членовите на Собранието или волонтерите на ЦКП. Претседателот заедно со лицето одговорно за заштита на деца (во зависност во која подружница се ангажирани лицата) треба да одлучат дали е потребно пријавата за случајот да се пријави до надлежните органи (Центар за социјална работа или полиција). Доколку се одлучи случајот да не се пријави до надлежните органи, се применува постапка за внатрешна заштита. Во случај да се јави потреба за случајот да се пријави до надлежните органи, одговорното лице за заштита на деца ја следи постапката и врз база на доставениот извештај претседателот донесува одлука за понатамошна постапка и преземање на мерки.
2. **Екстерно -** се однесува на даватели на услуги со кои ЦКП има склучено договор за соработка. Доколку лицата имаат информации за сомневање за злоупотреба на деца тие се должни да постапуваат во согласност со Заедничкиот протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца. Информациите за случајот се пријавуваат до националното одговорно лице за заштита на деца, при што одговорното лице е должно да го пријавите случајот за сомневање до надлежните органи веднаш по приемот на информациите.

**Пријава може да ја п**однесе жртвата или пак друго вработено лице, волонтер, давател на услуга **ко**ј што посведочил или пак има информација за злоупотреба. Пријавувањето се прави до лицето одговорно за заштита на деца. Пријавувањето се прави најдоцна во рок од 24 часа, од моментот кога лицето посведочило или добило информација за можна злоупотреба од страна на лице во организацијата. Во случаи кога пријавата била поднесена по 24 часа од можната злупотреба истата ќе биде прифатена. Пријавата треба да биде доставена по писмен пат (Прилог 2). Доколку се работи за итност лицето за заштита на деца може да биде контактирано телефонски, по што ќе биде примена пријавата на записник.

Примената пријава претседателот и лицето за заштита на деца ќе донесат одлука за следните постапки. Доколку се установи дека пријавеното лице во понатамошниот тек може делото повторно да го стори или пак на било кој начин да влијае врз жртвата ќе одлучи работните обврски да бидат ограничени со цел да нема контакт со жртвата или пак доколку тоа не може да биде сторено ќе биде суспендирано од работното место се до донесувањето на конечната одлука. За ваквата одлука претседателот донесува решение кое се доставува до пријавеното лице. Доколку постојат сомнежи дека повредата преставува кривично дело истото веднаш треба да биде пријавено во најблиската полициска станица. Доколку делото е сторено против дете или пак лице под ризик тоа треба да пријавено и во центарот за социјални работи. (Листа со контакти со подрачните одделенија на центрите за социјална работа Прилог 4)

## 6.2 Постапка за внатрешна заштита

Во случај да се утврди дека Политиката за заштита на децата, биле прекршена од страна на лица ангажирани од ЦКП, претседателот на ЦКП веднаш ќе го суспендира лицето од работната позиција. ЦКП го задржува правото да преземе дисциплинска постапка против секое лице за кое се смета дека ја прекршило Политиката за заштита на деца.

# 7 Комуникација и продуцирање на комуникациски материјали

Секое лице за да биде фотографирано или снимано потребно е да даде своја согласност. За лицата под 18 години, согласноста потребно е да ја даде родителот/старателот. Согласноста се дава на писмено, со потпишување на формуларот даден во прилог на овој правилник (прилог број 2).

Користење на фотографии и видеа од деца, млади и лица под ризик преставува потенцијален ризик за нивна злоупотреба и поради тоа потребно е соодветно да се постапува. Ситуации во кои што може да дојде до злоупотреба се:

- Фотографии кои што содржат лични информации според коишто може да бидат искористени за идентификување на лицата, да се воспостави контакт со нив или пак да се открие местото каде што тие живеат;
- Фотографиите и видео материјалот треба ја преставуваат вистинската ситуација и контекст;
- Фотографирање или правење на видео снимки на ситуации и пози од деца и млади според коишто тие се прикажани во ситуации кои се или можат да бидат толкувани како исмејување или претставуваат сексуални алузии;
- Фотографии кои што може да бидат изменети или пак неправилно употребени;
- Прикажување и неправилна употреба на фотографии и стории (пишани информации) за кои што не биле добиена согласност од страна на лицето е неетичко и преставува злоупотреба.

Користењето на фотографиите и видеата ќе биде во согласност со Кодексот на однесување.

Фотографиите кои што биле направени при спроведувањето на одредени активности и настани ќе бидат користени од страна за организацијата за промовирање на нејзината работа (на пример. Подготовка на извештаи, презентации и слично). Притоа кога се употребуваат фотографиите треба да го преставуваат контекстот во кој што тие биле направени, а не да бидат употребени за преставување на некоја друга ситуација.

# 8 Спроведување на политиката за заштита на деца

Со цел намалување на потенцијалните ризици за злоупотреба на децата потребно е целосно спроведување на Политиката.

Спроведување на одредбите на Политиката за заштита на деца ќе биде проценето преку постапка која ќе се спроведува на одреден временски период. Проценката за спроведување ќе се спроведува на годишно ниво од страна на Собранието. Нејзина ревизија ќе се направи по три години. Доколку проценката за нејзиното спроведување посочи потешкотии во спроведувањето ревизијата ќе се спроведе и порано од предвидениот рок од три години. Проценката на спроведување на политиката ја врши 3 члена комисија, номинирана од страна на претседателот.

Во оваа комисија членува лицето одговорно за заштита на деца. Комисијата подготвува извештај кој ќе го достави до председателот за финално усвојување.

Проценката за спроведувањето на политиката треба да утврди:

- Дали секој вработен и привремено ангажирани лица имаат потпишано кодекс на однесување;
- Дали секој договор има одредба за заштита на деца, млади и лица под ризик;
- Дали секој вработен, волонтер, давател на услуга има добиено обука.

Покрај тоа ќе се спроведат интервјуа со вработен, волонтер, давател на услуга, привремено ангажирано лице и членови на собрание за процесот на спроведување на Политиката за заштита на деца.

# 9 Писмена согласност за примена на политиката за заштита на деца

Јас, ______________________________, ја прочитав политиката за заштита на деца и во целост ја прочитав и разбрав насоките и упатставата кои се дадени во документот. Во целост се согласувам и се обврзувам да се придржувам кон политиката за заштита на деца

____________________ ____________________

Потпис Датум

# 10 Прилог 1: Препознавање на знаци на злоупотреба (индикатори)

Препознавањето на потенцијалните знаци на злоупотреба е комплексно и не постои едноставна листа за проверка што овозможува лесна идентификација. Постојат потенцијални знаци за предупредување на кои треба да внимавате, но треба внимателно да ги процените.

| | |
|---|---|
| **Можни знаци за физичка злоупотреба:**<br>• Модрици, изгореници, нагмечувања, каснатини, исчашени зглобови, посекотини<br>• Неубедливи објаснувања за повредите<br>• Одбивање да се зборува за повреди<br>• Не поднесува физички контакт или допир<br>• Носење на долги ракави и панталони во топло време<br>• Неподготвеност да учествувате во физички активности што може да вклучуваат отстранување облека, на пр. спорт<br>• Страв од враќање дома или контактирање со родители<br>• Недоверба кај возрасните<br>• Склоност кон самоповредување<br>• Агресивност спрема други<br>• Пасивност и послушност | **Можни знаци на занемарување:**<br>• Честа глад<br>• Преземање на преостаната храна од кофи или чинии или крадење храна<br>• Лоша лична хигиена<br>• Постојан замор<br>• Несоодветна облека, на пр. летна облека во зима<br>• Често доцнење или отсуство од училиште<br>• Нетретирани здравствени проблеми<br>• Ниска самодоверба<br>• Лоши социјални односи<br>• Земање лекови или алкохол |
| **Можни знаци на емоционална злоупотреба:**<br>• Застој во физичкиот, когнитивниот или емотивниот развој<br>• Висока анксиозност<br>• Тешкотии при говор или ненадејно нарушување на говорот<br>• Страв од нови ситуации<br>• Ниска самодоверба<br>• Несоодветни емотивни одговори на ситуации<br>• Екстремна пасивност или агресија<br>• Земање лекови или алкохол<br>• Хронично бегство | **Можни знаци на сексуална злоупотреба:**<br>• сексуалното однесување е несоодветно за возраста или висока преокупираност со сексот во разговор<br>• ноќно мокрење или дефекација<br>• болка во пределот на гениталиите или во анусот<br>• проблеми со спиењето<br>• страв од престој со возрасни<br>• промискуитет<br>• екстремно ризично однесување кај адолесцентите |

# 11 Прилог 2: Формулар за пријавување

**1. Лични податоци за пријавувачот**

Име и презиме: ____________________________________________

Работно место: ____________________________________________

Организација за која работите: ____________________________________

Однос (врска) со детето, кое било злоупотребено:

______________________________

Телефон: ____________________________________

Електронска пошта: _____________________________________

**2. Лични податоци за детето**

Име и презиме: ___________________________________________

Пол: ___________________________________________

Дата на раѓање: ____________________________________________

Адреса: ___________________________________________

Родител/старател /одговорен: ____________________________________

Дали детето добил некаков третман?

Од кого е извршен третманот ______________________________________

Дали детето е однесено во болница   ДА ____ ;   НЕ ____ ;

Доколку ДА, како и во која болница ________________________________

**3. Податоци за инцидентот**

Дали:

☐ го видовте инцидентот     ☐ се сомневате на инцидент     ☐ некој ви кажа за инцидентот

Ако некој друг Ви кажа за проблемот, наведете го лицето и неговиот однос со детето: __________________________________________________

Што се случи? Објаснетеја причината (како и зошто) доколку ја знаете.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________________
____________________________________________________________________

Дали детето / младата личност или некој друг Ви кажал нешто [ако е соодветно] и како му одговоривте: [Не го цитирајте го детето. Запишете ги деталите]

__________________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

__________________________

Датум на инцидентот: ________________________________________________

Време на инцидентот: ________________________________________________

Локација на инцидентот: ________________________________________________

Име на потенцијалниот причинител (доколку е применливо):
____________________________________

Дали и други деца/особи се поврзани со инцидентот?
_______________________________________________________________________

Дали постои опасност за други деца? ________________________________________

Постапки кои ги преземавте:

__________________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

__________________________

Потпис: ____________________________________________________________

Датум: _______________________________________________________________

**------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**----**

**Овој дел треба да го пополни контакт лицето за заштита на деца:**

Спроведена е истрага за инцидентот/несреќата: Да ☐ Не ☐

Неопходно е писмен извештај за истрагата: Да ☐ Не ☐

За да се утврди причината за инцидентот или несреќата, можеби е потребно да се испитаат лицата кои биле вклучени. Детали и изјави на сведоци, итн може да се додадат тука.

_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

____________________

# 12 Прилог 3 Изјава за користење на фотографии и други записи

Изјава за давање на согласност за користење на фотографии и друг аудиовизуелен материјал

Запознаен/а сум со целта на фотографирањето/снимањето и запознаен/а сум со начинот на употребата на фотографиите и другиот аудиовизуелен материјал (каде и како ќе се користат).

Давам согласност за користење на фотографиите и другиот аудиовизуелен материјал во следните ситуации:

| | | |
|---|---|---|
| Интерни извештаи на ЦКП | Да | Не |
| Извештаи до донатори | Да | Не |
| Веб страна на ЦКП | Да | Не |
| Печатени материјали на ЦКП | Да | Не |
| Социјални мрежи | Да | Не |

Име презиме на лицето

Потпис

Датум

# 13 Прилог 4. Листа со контакти со подрачните одделенија на центрите за социјална работа

| | | |
|---|---|---|
| **ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ** | | **02/3297-700**<br>**02/3297-703** |
| | ул. „Никола Вапцаров“ бр. 11 | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Аеродром** | | **02/3223-996** |
| | бул. „3-та Македонска бригада“ 10а | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Гази Баба** | | **02/3224-368** |
| | ул. „Александар Македонски“ бр. 3 („Едвард Кардељ“) | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Бутел** | | **02/2612-677** |
| | ул. „Босна и Херцеговина“ бр. 15 | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Карпош** | | **02/2035-540**<br>**076/475-095** |
| | ул. „Багдатска“ бр. 26-б | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Кисела Вода** | | **02/2776-237;**<br>**076/475-093** |
| | ул. „Борис Трајковски“ б. б. („Првомајска“) | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Чаир** | | **02/2614-133;**<br>**02/2614-578** |
| | ул. „Христијан Тодоровски-Карпош“ бр. 5 | |
| **Меѓуопштински центар за социјална работа – Шуто Оризари** | | **02/2600-440;**<br>**02/2601-908** |
| | ул. „Индира Ганди“ б. б. | |
| | Сопиште | **02/2776-237;**<br>**076-475-093** |
| | Илинден | **02/3224-368** |
| | Ѓорче Петров | **02/2035-540;**<br>**076/475-095** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кочани** | | **033/274-139** |
| | ул. „Гоце Делчев“ б. б. | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово (Пехчево)** | | **033/471-072;**<br>**033/470-6410;**<br>**033/441-080** |
| | ул. „Младински кеј“ бр. 2-а | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Демир Капија** | | | | **071/692-539** |
| | ул. „Маршал Тито“ бр. 21 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци** | | | | **043/414-102; 043/414-456** |
| | ул. „ЈНА“ бр. 11 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино** | | | | **043/365-238** |
| | ул. „Ацо Аџи Илов“ б. б. | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крива Паланка** | | | | **031/375-200; 031/372-245** |
| | ул. „Никола Тесла“ б. б. | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово** | | | | **031/438-160; 031/438-170** |
| | ул. „Тодор Велков“ бр. 4 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево** | | | | **033/411-736; 033/410-300** |
| | ул. „Орце Николов“ б. б. | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица** | | | | **034/325-401; 034/324377** |
| | ул. „Ленинова“ бр. 84 | | | |
| **Македонска Каменица** | | | | **033/431-192** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Виница** | | | | **033/361-305; 033/361305** |
| | ул. „Страшо Пинџур“ бр. 5 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Гостивар (Маврово и Ростуше)** | | | | **042/213-431; 042/213-395** |
| | ул. „Мајор Чеде Филиповски“ бр. 1 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Дебар** | | | | **046/838-170; 046/831-400** |
| | ул. „Атанас Илиќ“ бр. 45 | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Гевгелија** | | | | **034/213-797; 034/211-955** |
| | ул. „Маршал Тито“ б. б. | | | |
| | Дојран | **071/262-557** | Богданци | **071/262-557** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола** | | | | **047/235-584: 047/241-426** |
| | нас. „Карпош“ б. б. | | | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп** | | | | **048/421-702; 048/424595** |
| | ул. „Стеван Апостолоски“ бр. 17 | | | |
| | Кривогаштани | **048/471-280** | Долнени | **048/453-210** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крушево** | | | | **048/476-466** |
| | ул. „Нико Доага“ бр. 66а | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес** | | **043/231-426; 043/222-575** |
| | ул. „Нада Бутникошарева“ бр. 3 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кичево** | | **045/225-326** |
| | ул. „Санде Штерјоски“ бр. 13 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Валандово** | | **034/382-008** |
| | ул. „Никола Карев“ бр. 24 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Ресен** | | **047/451-419; 047/452-552** |
| | ул. „Ленинова“ бр. 66-а | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Радовиш** | | **032/635-601** |
| | ул. „22-ри Октомври“ б. б. | |
| | Конче | **071/394-314** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кратово** | | **031/482-545; 031/481-228** |
| | ул. „Гоце Делчев“ б. б. | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе** | | **032/443-305; 032/444-456** |
| | ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 38-а | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Пробиштип** | | **032/483-127; 032/482-770** |
| | ул. „Јордан Стојанов“ бр. 16 | |
| | Злетово | **032/495-030** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип** | | **032/385-031; 032/391-779** |
| | ул. „Партизанска“ бр. 31а | |
| | Општина Карбинци | **032/385-03** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Демир Хисар** | | **047/276-751** |
| | ул. „Маршал Тито“ б. б. | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово** | | **044/331-575; 044/339-140** |
| | ул. „121“ бр. 2 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Македонски Брод** | | **045/274-137; 045/274-138** |
| | ул. „Маршал Тито“ бр. 9 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Охрид** | | **046/257-495; 046/279-753; 046/260-708** |
| | ул. „7 Ноември“ бр. 282 | |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга** | | **046/786-976; 046/786-977** |
| | ул. „Димитар Влахов“ б. б. | |

**ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – СКОПЈЕ**
**ЗАВОД ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ „МЛАДОСТ“**
Бул. „Партизански одреди“ бр. 60а
тел. 02/3065-711; 02/3068-307; 02/3061-509
**Работно време: 07.30 – 15.00 часот**

**ПРИЈАВА ВО ПОЛИЦИЈА – 192**
**Одделение за малолетничка деликвенција и семејно насилство** Министерство за внатрешни работи преку интернет-страницата http://www.mvr.gov.mk/
Директна интернет-пријава за злоупотреба на дете http://redbutton.mvr.gov.mk/prijavi.aspx

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
ул. „Македонија“ бр. 19 (зграда на ТД „Макошпед“)
**тел. 02 3129-335; факс: 02 3129-359**
e-mail: contact@ombudsman.mk

**Брза помош – 194**

**Противпожарна служба - 193**